10
04.05.2022

# Arijan Lumani

**From:** BZBG Skopje <bezdomnizivotnibezgranici@gmail.com>
**Sent:** вторник, 03 мај 2022 14:18
**To:** nikola.susevski@resen.gov.mk; kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk;
**Subject:** Барање за информација од јавен карактер
**Attachments:** Барање за инфо од јавен карактер Ресен.doc

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 03.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| УП-I-10 | 12 | | |

Почитувани

А. М. ви пишувам од име на Здружението “**Бездомни животни без граници**“ од Скопје. Во прилог на електронската пошта ви испраќам барање во предвидениот формат за следните информации од јавен карактер:

1. Дали Општина Ресен има **склучувано договори за заловување на бездомни кучиња со приватни економски оператори за календарските 2020, 2021, 2022 година?**

2. Доколку Општина Ресен има склучувано договори со приватни економски оператори, барам да ми **доставите увид во евиденцијата за исполнување на договорите, на начин и форма како што вие ја имате воспоставено како пракса?** На пример, број на извршени акции на заловување, бројка на заловени кучиња, третирани кучиња кои се кастрирани/стерилизирани и вратени во општината, бројка на кучиња кои се еутанизирани?
3. Дали Советот на Општина Ресен има донесено ***Програма за контрола на популација на бездомни кучиња*** (законска обврска на општината) **и дали истата ја има доставувано до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување?**

**4.** Износ на **висина на трошоци** на кои е изложена Општина Ресен во постапките пред надлежни судови во **предмети за одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња** за временскиот период 2019-2021 година?

П.С. Сакаме да ве информираме дека во дел од приоритетните области во рамки на програмите од ИПА 3 на Европската унија, се предвидува финансиска помош заради зајакнување на способностите на општините за решавање на проблемот со бездомни кучиња. Од таму, се надеваме дека ќе имаме добра соработка и ќе можеме во догледно време да ви предложиме одржлив пристап за решавање на проблемот со бездомни кучиња.

Со почит,

НВО “Бездомни животни без граници“

Иван Иванов-Балашо 83,
2300 Кочани

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

( Образец ПП……)

**До:** Општина Ресен-Одговорно лице за посредување со информации од јавен карактер

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Граѓанска асоцијација за вдомување и згрижување на бездомни животни БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ Скопје, bezdomnizivotnibezgranici@gmail.com

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Согласно член 28, став 1 од Закон за заштита и благосостојба на животните, општините се надлежни да вршат собирање на бездомни кучиња кои што ќе ги затекнат на јавна површина без присуство на сопственик и истите да ги сместуваат во соодветни објекти-прифстилишта. Од податоците кои што ги добивме од Регистарот на Агенција за храна и ветеринарство (АХВ), Општина Ресен нема регистрирано сопствено прифатилиште за бездомни животни. Затоа, во насока на исполнување на обврските од член 28, став 1 од Законот, предмет на моето барање за информација од јавен карактер е **дали Општина Ресен има склучувано договори за заловување на бездомни кучиња со приватни економски оператори кои имаат регистрирано прифатилиште во АХВ за календарските 2020, 2021, 2022 година?**

2. Доколку вашата општина ја има прифатено праксата да ја делегира обврската за склучување на договори за јавни набавки за заловување на бездомни кучиња на локалното комунално јавно претпријатие или друго правно лице основано од општината, тогаш **бараме да постапите согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето да го препратите истото до имателот на информации**, кој според содржината на барањето е оној кој навистина ја поседува оваа информација.

3. Доколку вашата општина има склучувано договори за заловување на бездомни кучиња со приватни економски оператори, барам да ми **доставите увид во евиденцијата за исполнување на договорите, на начин и форма на кој што тоа го имате воспоставено како пракса?** Информациите би требало да се однесуваат на број на извршени акции на заловување, бројка на заловени кучиња, третирани кучиња кои што се кастрирани/стерилизирани и вратени во општината, бројка на кучиња кои

се еутанизирани, процент на исполнетост на договорот и слично.

4. Согласно член 28, став 3 од Закон за заштита и благосостојба на животните, општините се должни да усвојат План и Програма врз основа на што ќе се врши контрола на популацијата на бездомни кучиња и истите да ги достават на одобрување во АХВ. Предмет на моето барање за информација од јавен карактер е дали **Советот на Општина Ресен има донесено Програма за контрола на популација на бездомни кучиња и дали истата ја има доставувано до АХВ на одобрување?**

5. Износ на **висина на трошоци** на кои е изложена Општина Ресен во постапките пред надлежни судови во предмети за **одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња за временскиот период 2019-2021 година?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Начин на доставување на информацијата:**

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил (на електронската пошта на здружението:** bezdomnizivotnibezgranici@gmail.com )
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**П.С.** Ние сме невладина организација за заштита на права на животни, коај моментално работи на истражување за состојбите со проблемот со бездомни кучиња кај повеќето општини во Република Северна Македонија. Информациите кои што се предмет на нашето барање за информација од јавен карактер треба да ни послужат за да добиеме генерална слика за нашето истражување и да можеме да подготвиме policy brief со препораки за подобрување на ситуацијата во пракса. Сакаме да ве информираме како општина дека постојат доста програми кои што се дел од Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија (ИПА) 3, кои што предвидуваат финансиска поддршка заради зајакнување на способностите на општините за решавање на проблемот со бездомни кучиња. Од таму, се надеваме дека ова ќе биде почетокот на добра соработка помеѓу нашата невладина организација и вашата општина и се надеваме дека во догледно време ќе можеме

да ви предложиме реален и конкретен предлог за финансиска поддршка на вашата општина, а во насока на минимизрање на проблемот со бездомни кучиња.

**03.05.2022 година .** **А.М.**